**Лабораторијата за развој на идни вештини и старт-ап бизниси**

Табела за преглед на инфраструктура/опрема

| | **Детали** |
|---|---|
| **Партнер** | Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола,<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии |
| **Тип на опрема** | Лабораториска опрема за развој на идни вештини и старт-ап бизниси |
| **Целна група** | Стартапи, индустриски компании, јавна администрација и истражувачи |
| **Клучна технологија** | Развој на идни вештини и старт-ап бизниси |
| **Статус** | Достапно за користење |
| **Предуслови за користење** | Релевантен проект или потреба, основни технички познавања |

---

**Опис на инфраструктурата/ опремата**

Целта на лабораторијата за развој на идни вештини и старт-ап бизниси е да развие опкружување во кое студентите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии (ФИКТ) и други заинтересирани лица на интерактивен начин стекнуваат знаења, вештини и способности преку соодветни обуки, специјалистички курсеви, менторства и технологии, а со кои можат да одговорот на потребите на пазарот на труд во периодот што претстои. Ваквата лабораторија е место опремено за изведување тестови, експерименти, истражувања и симулации од обласа на дигиталното претприемништво, место во кое се развиваат меки вештини и вештини кои се неопходни за развој на вештини што се или ќе бидат барани на пазарот на трудот во блиска иднина, но, и место во кое се подготвуваат студентите за основање, раст и развој на старт-ап бизниси. Лабораторијата ја користат студенти на Факултетот на прв, втор и трет циклус за настава, научно-истражувачка и применувачка работа.

Лабораторијата е опремена со 20 лаптоп компјутери. Сите предавални за одржување на наставата во факултетот се опремени со проектори. Друга опрема со која располага факултетот современо озвучен амфитеатар, печатачи, копири, лаптоп компјутери, современа мрежна инфраструктура која го покрива комплетниот објект со жичен и безжичен интернет.